OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

За објавување веднаш

**Соопштение за јавност**

26.07.2012

## Охридска банка го претставува новиот интернет портал

Охридска банка го претставува новиот вебсајт на www.ohridskabanka.mk . Интернет порталот е конструиран со идеја да се прикажат информациите на најсоодветен начин за клиентите. Сајтот е дизајниран во согласност со новите корпортивни стандарди на Societe Generale.

Проектот за креирање на новиот вебсајт беше лансиран со цел да се подготви платформа што ќе ги обединува институционалните информации и продуктната понуда на Банката. Сајтот има структура што е од една страна, едноставна и јасна за клиентите, а од друга страна информативна и сеопфатна.

Вебсајтот е дизајниран во боите на Societe Generale – црвена, црна и бела. Во целост соодветствува со корпоративниот стил што Групацијата го користи во земјите кадешто е присутна.

Во новата верзија, Охридска банка применува т.н. “window site” пристап: информациите за актуелната понуда на банката и константните фрекфентни алатки се поставени со директен пристап на почетната страна (home page). Сајтот не е преоптоварен со текст, секоја фотографија содржи балансирана информација. Текстот е добро структуиран и распределен во блокови за подобра перцепција.

Сајтот на банката е развиен на ЦМС решение од NextSense. Полето за навигација содржи три клучни сегменти тематски распределени на Физички лица, Правни лица и За Банката. Функциите за кредитен и калкулатор за депозити, курсна листа и бројните формулари ќе им овозможат на посетителите да ја одберат соодветната услуга и да добијат информативна пресметка за посакуваниот производ.

За кратко, ќе започне втората фаза од развојот на вебсајтот, во чии рамки ќе се пушти во употреба англиска верзија, ќе се развиваат нови функционалности, ќе се следи статистика на посети, а воедно планираме и поедноставена верзија за корисниците преку мобилни телефони.

Охридска банка АД Охрид
Societe Generale Group
Македонски Просветители 19 6000
Охрид, Македонија
www.ohridskabanka.mk
www.socgen.com

Дирекција за комуникации и
стратешки маркетинг
Светлана Штерјова
Тел: +389 (0)2 3203 732
Факс: +389 (0)2 3203 708
svetlana.sterjova@ob.com.mk

ЕМБС: 5004756
ЕДБ: МК4020995106987
Решение на Гувернерот на
НБРМ: бр. 7909 од 9.12.2008